Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020

# Извадок на дел од дневни настани 19.09.2020

На 18.09.2020 во 19.10 часот во с.Катланово, скопско, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Д.(31) од Скопје, затоа што при преглед кај него биле пронајдени нож и марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.09.2020 во 22.30 часот на ул.„Борис Кидрич" во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово ги лишиле од слобода А.А.(25) и Ф.Л.(30), двајцата од Тетово, затоа што при преглед кај нив бил пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 18.09.2020 во 20.15 часот во Гостивар, полициски службеници од СВР Тетово го привеле М.К.(25) од Р.Албанија, затоа што го злоупотребил туристичкиот престој во Република Северна Македонија. Истиот е задржан во Полициска станица Гостивар и ќе биде предаден на Отсекот за прекуграничен криминал, миграции, странци и реадмисија за понатамошна постапка.

На 18.09.2020 околу 14.20 часот на пат од с.Чифлик кон с.Смојмирово, на место викано „Брестово", велосипедист Е.А.(61) од Берово паднал и се повредил, по што бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Увид на местото на незгодата извршила екипа од Полициска станица Берово.

На 18.09.2020 околу 15.30 часот пред Клиничка болница Тетово, на ул.„29 Ноември", од полициски службеници од СВР Тетово биле лишени од слобода Н.Х.(48) од Тетово и М.А.(32) од с.Челопек, тетовско, бидејќи Н.Х. со дрвен предмет го нападнал М.А., а при интервенцијата, полициските службеници биле попречувани во вршењето на службените дејства од М.А., кој притоа се здобил со повреда. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.09.2020 околу 14.50 часот на регионален пат Скопје–Македонски Брод, кај место викано „Бабин дол", патничко возило „мицубиши", со скопски регистарски ознаки, управувано од Г.В.(47) од Македонски Брод, удрило во велосипедист С.П.(65) од Македонски Брод. По незгодата, велосипедистот бил пренесен во Здравствена установа Македонски Брод, каде од здобиените повреди кај него била констатирана смрт. Увид на местото на незгодата извршиле Јавен обвинител и екипа од Полициска станица Македонски Брод.

На 17.09.2020 во 14.00 часот во Полициска станица Кавадарци било пријавено дека во Општа болница Кавадарци бил донесен Б.Н.(56) од Кавадарци, кој се здобил со тешки телесни повреди при изведување на градежни работи на ул.„Битолска" во Кавадарци. Увид на местото на настанот извршила екипа од Полициска станица Кавадарци.

На 19.09.2020 во 07.30 часот во Полициска станица Куманово, Е.К.(48) пријавила дека на автобуска постојка во Кумново била касната од куче скитник.

На 19.09.2020 во 01.00 часот, полициски службеници од ОВР Кичево ги лишиле од слобода Н.Д.(34) и Ј.Т.(23), двајцата од Струга, бидејќи на магистралниот пат Кичево-Охрид, при извршен преглед на патничко возило „мерцедес", со струшки регистарски ознаки, кај Ј.Т. се пронајдени и одземени марихуана и бела прашкаста материја, а кај Н.Д. е пронајдена и одземена банкнота со остатоци од бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот, ОВР Кичево ќе поднесе соодветна пријава.

На 19.09.2020 во 00.05 часот во Полициска станица Тетово, Ж.С.(22) од Тетово пријавил дека на 18.09.2020 околу 23.00 часот во парк позади црква „Св.Никола" во Тетово, додека бил заедно со И.Д. и П.С., двајцата од Тетово, бил физички нападнат со тврд предмет од две непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.09.2020 во период од 01.00 до 03.00 часот, при спроведување на контрола од страна на полициски службеници од СВР Тетово во угостителски објект во близина на автобуската станица во Тетово, сопственост на Џ.К.(59) од Тетово, биле лишени од слобода А.Ј.(43) и Ф.Љ.(51), двајцата од Тетово, поради тоа што А.Ј. физички ги нападнал полициските службеници додека вршеле службени дејства, а Ф.Љ.(51) се однесувал агресивно кон нив. Двајцата се приведени во полициска станица и се преземаат мерки за расчистување и документирање на случајот.

На 18.09.2020 во 19.30 часот во Полициска станица Гостивар било пријавено дека во Медицински центар Гостивар бил донесен П.Т.(51) од Гостивар, кој се здобил со тешка телесна повреда додека бил на работно место во ХЕЦ Маврово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 17.09.2020 во 17.00 часот во СВР Скопје, К.М.(44) од с.Марино, скопско, пријавила дека во 15.45 часот во угостителски објект на ул.„Симеон Кавракиров" во Скопје била физички нападната од А.Ч. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.09.2020 во 16.50 часот во СВР Скопје, В.М.(29) од Скопје пријавила дека во 16.15 часот на ул.„Никола Киров Мајски" била физички нападната од непознато лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 19.09.2020 во 01.10 часот во СВР Скопје, Д.П.(23) од Куманово пријавил дека околу 00.05 часот на ул.„Кеј Димитар Влахов", во близина на МКЦ, бил физички нападнат од три непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.09.2020 околу 20.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во фералница во трговски центар на ул.„Македонско-косовска бригада" во Скопје, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Е.Х.(65) и А.С.(23), и двајцата од Скопје.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.09.2020 во 18.50 часот во Полициско одделение Ропотово, Л.Ф.(45) од с.Пешталево пријавила дека околу 18.00 часот на спортско игралиште во с.Пешталево нејзиниот малолетен син бил физички нападнат од Л.М. од с.Пешталево. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.09.2020 во 14.45 часот во СВР Велес, С.И.(38) од Велес пријавила дека околу 14.00 часот на ул.„Панко Брашнаров" нејзината малолетна ќерка била физички нападната од Т.П. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.09.2020 во 00.50 часот во Полициска станица Кавадарци, Е.М.(22) од Кавадарци пријавила дека на 17.09.2020 околу 23.00 часот во угостителски објект во Кавадарци била физички нападната од З.С. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 18.09.2020 во 16.00 часот во Полициска станица Крушево, Б.Ј.(48) од Крушево, вработен како шумски полицаец, пријавил дека заедно со четворица шумочувари од Шумско стопанство „Липа" – Крушево, во близина на с.Норово, на место викано „Кутлиње", ги затекнале Б.Ј.(37) и А.С.(49), двајцата од с.Норово, како бесправно сечат дрва. При вршење на службени дејства од страна на службените лица, Б.Ј. почнал агресивно да се однесува и се обидел насилно да го извлече службениот пиштол на шумскиот полицаец, но бил спречен во намерата. По расчистување и документирање на случајот ќе следува соодветен поднесок.

На 19.09.2020 околу 03.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во автосервис на ул. „Јустинијан Први" во с.Студеничани, скопско, сопственост на Д.И.(40), настанал пожар во патничко возило „ауди А8", со струшки регистарски ознаки, сопственост на А.Д.(54) од с.Студеничани, скопско, патничко возило џип „чироки", со непознати регистарски ознаки и товарно возило „мерцедес", со скопски регистарски ознаки. Пожарот е изгаснат од Противпожарната единица од Скопје. Увид ќе се врши.

На 19.09.2020 во 07.45 часот во Полициска станица Кавадарци, Б.Г.(26) од Кавадарци пријавил дека околу 03.00 часот во Градски парк во Кавадарци бил физички нападнат од Б.И., заедно со уште четири непознати лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет